Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 64/0306
01.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.02.2024 и на 05.03.2024 година, врз основа на примена жалба од директорот на Државен ученички дом „Мирка Гинова“ – Битола, Елена Спасеновска ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Текстот објавен на порталот Апла.мк со наслов „Директорка на детскиот дом со државни пари плаќала пензионер за советник“ не отстапува од професионалните и етичките стандарди во новинарството.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До Извршната канцеларија на СЕММ на 06.02.2024 г. пристигна жалба од Елена Спасеновска за содржината на текстот „Директорка на детскиот дом со државни пари плаќала пензионер за советник“, објавен на порталот Апла.мк.

Во жалбата нема конкретно појаснување на што се однесува, а како основа се наведени повеќе членови од формуларот, почнувајќи од нефер известување, говор на омраза, нарушување на приватност, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Во точката друго во формуларот за жалби, наведени се уште три текста од Апла.мк, од кои еден е преземен од Независен.мк, а сите се однесуваат на работењето на средношколскиот дом.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До Извршната канцеларија на СЕММ на 19.02.2024 г. пристигна одговор од авторката на спорниот текст и на другите два што се ставени во прилог на жалбата. Во одговорот меѓу другото се наведува:

„Во текстовите се водев исклучиво од јавниот интерес, бидејќи станува збор за прашања поврзани со работата на јавна институција кој е под надлежност на Министерството за образование и наука. Оттука, очекувано е како новинар да реагирам на сомнежите за незаконско работење и да ги анализирам јавно достапните информации како трошењето на државни пари, достапно преку порталот „Отворени финансии“ на Министерството за финансии. Ги отфрлам во целост обвинувањата дека сум нарушила нечија приватност. Приватност со државни ресурси? Нагласувам дека преку меил побарав одговори од Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ – Битола, но досега не добив. За првпат испратив на 26 јануари со новинарски прашања за објавените теми и плус за теми за кои допрва ќе пишувам, потоа на 29-ти испратив дополнето барање за новинарските прашања. На 1 и на 2 февруари побарав од Домот информација дали ќе ги добијам одговорите на новинарските прашања, за да добијам повратна информација дека заради „обемот“ на поставените прашање потребно им е време да одговорат.

Нагласувам дека во истиот период, како новинар телефонски ги контактирав и поранешниот вработен-пензионерот Менде Петровски како и претседателот на Управниот одбор Тони Целевски. Се’ што е пренесено во текстовите е кажано од нивна страна...“.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека текстот објавен на порталот Апла.мк на 05.02.2024 со наслов „Директорка на детскиот дом со државни пари плаќала пензионер за советник“ е во согласност со професионалните и етичките стандарди и со него не се прекршени Кодексот на новинарите на Македонија, ниту Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа текстот и оцени дека станува збор за новинарска приказна со јавен интерес. Текстот опишува ситуација од работењето на Домот и бара одговори кои медиумот не ги добил. Фактите наведени во текстот се неспорни поради изворот – Отворени финансии, алатка која ги регистрира сите исплати на јавни пари кон правни или приватни лица. Станува збор за трошење јавни пари. Во текстот се посочува дека не е спорно прашањето дали пензионираното лице парите ги добило легално и со договор, туку дали воопшто имало потреба да му се исплаќаат хонорарни надоместоци, дали е тоа морално и какви совети делел пензионираниот работник.

Новинарот сторил значителни напори да добие одговори од жалителот – Државниот дом како институција и во прилог до Комисијата ги испрати прашањата и прецизните датуми кога се испратени. Освен тоа наведен е и анонимен внатрешен извор на кого медиумот има право да му го заштити идентитетот. Со еден збор, Комисијата не можеше да најде забелешка на содржината на текстот или на постапките на авторот/медиумот при подготовката на содржината на новинарскиот производ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Апла“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595